**Архивски број:** ~~**08-830/**~~ 08-112/г 03-07-2026
**Датум: _______________ година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–830/1 од 28.11.2025 година, поднесена од страна на ///// со адреса на живеење ///// Скопје против ///// од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, потекло и национална и етничка припадност, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на раса, боја на кожата, потекло и национална и етничка припадност, во областа на работата и работните односи кон ///// сторено од страна на /////.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на ///// од Скопје, на ден 28.11.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, потекло и национална и етничка припадност, во областа на работата и работните односи сторена од страна на /////, заверена со бр. 08-830/1.

Во претставката подносителот наведува дека е вработен во ///// 2 месеци, а исто и потенцијалниот дискриминатор /////. Понатаму наведува дека на ден 26.11.2025 година, при извршување на работни задачи заедно со главниот мајстор /////, надвор од работно место, на терен, во Тетово, кога вршеле монтажа на ПП врати (пожарникарски врати), главниот мајстор (потенцијалниот дискриминатор) почнал на агресивен начин да го пцуе, затоа што згрешил само при мерење ништо повеќе. Потенцијалниот дискриминатор употребувал недолични и вулгарни зборови го навредувал по националност, на висок тон, со викање, поради што се собрале 4 – 5 луѓе околу нив. Подносителот наведува дека исплашен заминал кон автомобилот и дека и по пат при враќање кон Скопје, главниот мајстор, потенцијален дискриминатор повторно го пцуел и навредувал и му покажувал тупаници. Додека се враќале назад кон Скопје, му се јавил газдата кој го слушнал викањето и му рекол да остане смирен. Тој не реагирал никако, но потенцијалниот дискриминатор одеднаш го фатил воланот и му рекол дека ќе ја сврти колата, но тој успеал да остане смирен и да се престои во десна лента каде го запрел автомобил, и кога излегол од автомобилот му се јавил на газдата и му кажал се што се случило. Кога се вратиле во фирмата, подносителот на претставката и ја прераскажал целата ситуација на сопругата на газдата и тогаш и во нејзино присуство потенцијалниот дискриминатор почнал повторно да го навредува со погрдни зборови кои и претходно ги употребил „циган, не сакам да те гледам" и др.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-112/1 од 22.01.2026 и бр. 08-118/2 од 22.01.2026 година се обрати до /////, фирмата каде се вработени подносителот на

претставката и потенцијалниот дикриминатор, како и до потенцијалниот дискриминатор. Во произнесувањето добиено од работодавачот, наведено е дека тоа претставува прв изолиран случај од таков карактер во нивната фирма и даваат презентација на преземените дејствија по однос на настанот. Најнапред известуваат дека официјално не е поднесена писмена пријава од страна на ///// против /////, но била покрената интерна постапка по сопствена иницијатива на административниот раководител /////, откако ја добила информацијата за кавгата меѓу двајцата вработени, ги сослушала секој поединечно и преку соочување на двајцата вработени. Како причина за инцидентот наведуваат дека утврдено е дека подносителот на претставката на терен направил сериозен професионален пропуст со тоа што запишал погрешни мерки и предметната врата поради тоа не можела да биде монтирана. Понатаму наведуваат дека подносителот на претставката наместо да ја признае грешката, почнал да ги брише мерките кои претходно ги запишал на ѕидот со цел да ја сокрие својата одговорност, активност која посочениот потенцијален дискриминатор ја снимил со својот мобилен телефон. Ескалацијата на конфликтот, како што наведуваат во произнесувањето, се јавила во моментот кога подносителот на претставката се обидел да го испровоцира и да ја префрли вината врз колегата, по што се отворила вербална расправија со размена на навреди. Работодавачот наведува дека е утврдена вина за нарушување на достоинството и професионалните стандарди и кај двајцата вработени. По спроведената интерна постапка, на двајцата вработени им е утврдена споделена вина, па затоа на двајцата вработени им се изречени усни опомени со јасни насоки за идно професионално однесување. Со целиот настан, спроведената постапка и изречените мерки е запознаен и Генералниот директор на фирмата, /////.

Во своето произнесување, Работодавачот наведува дека како одговор на овој изолиран случај во фирмата, на 20.01.2026 година е донесен Правилник за заштита од вознемирување на работното место и промовирање на DEIB културата, кој е објавен на огласната табла во фирмата, споделен во електронска форма во вибер групата и на заедничкиот хард диск, а исто така сите вработени со Правилникот се запознаени и преку едукативно предавање и имаат потпишано Изјави за запознаеност со Правилникот, со кои се обврзуваат на почитување на достоинството на колегите и активно придонесување кон инклузивна работна средина. На крај, наведуваат дека тие како Работодавач постапиле проактивно уште пред поднесувањето на претставката до Комисијата од страна на /////, и даваат констатација дека според нив тоа претставува обид за прикривање на сериозен работен пропуст и манипулација со фактите од страна на /////, со цел да се дефокусира вниманието од неговата професионална неодговорност.

Во своето произнесување, потенцијалниот дискриминатор, /////, во Комисијата заверено со бр. 08-112/4 од 13.02.2026 година, истакнува дека кога стигнале на терен, увидел дека вратата не соодветствува на влезната дупка и дека мерките претходно запишани од ///// биле целосно погрешни и тој наместо да каже дека згрешил почнал да го напаѓа и да го прави виновен за неговата грешка. Видел како ///// почнал да ги брише погрешните мерки што претходно ги имал напишано на ѕидот за да прикрие дека згрешил, но тој тоа го снимил со телефонот за да има доказ. Тогаш се изнервирал и почнале да се расправаат бидејќи бесцелно дошле во Тетово на терен, го прашал ///// зошто лаже, а тој почнал да го провоцира и да го вика „шиптар", по што и тој се изнервирал повеќе зашто така му се обратил /////, и зашто бесцелно доаѓале во Тетово и тој почнал да му вика и да му кажува лоши зборови. Тоа наведува дека не го направил затоа што го мрази туку затоа што го лажел и направил штета во работата. Кога се вратиле во фирмата, во разговор со раководителката тој кажал што се случило и и ја покажал видео снимката. Наведува дека се усно опоменати од раководителката дека не треба да се


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

караат на таков начин, и тој тоа го прифатил. И за крај во произнесувањето наведува дека пријавата од ///// не е точна дека тој само се обидува да се извади затоа што згрешил за вратата и дека затоа го лажел и него и газдата на фирмата.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот, како и содржината на произнесувањето од Работодавачот и од потенцијалниот дискриминатор, Комисијата ценеше дека **во конкретниот случај постои вознемирување, врз основа на раса, боја на кожата, потекло и национална и етничка припадност, во областа на работата и работните односи кон ///// сторено од страна на /////.**

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со наслов „Дискриминаторска основа", гласи: „*Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).*"

Со одредбата од членот 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдува и дефинира вознемирувањето на следниот начин: „*Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.* ".

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги наводите на подносителот на претставката, произнесувањето од Работодавачот и од потенцијалниот дискриминатор, секој посебно и во корелација еден со друг, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Комисијата констатира дека од страна на Работодавачот е постапено во целост совесно и професионално по однос на конкретниот случај, и го почитува фактот дека овој изолиран случај го поттикнал Работодавачот да донесе Правилник за заштита од вознемирување на работното место и промовирање на DEIB културата и да спроведе едукативно предавање за меѓусебна почит и поддигување на свеста за инклузивност во работната средина.

Но неспорно е дека, од страна на ///// во моменти на револт од предизвикана ситуација на работа, тој употребил недолични зборови кон /////, за што и самиот во своето произнесување признава.

* * *

**Согласно се горе наведено, земајќи ги сите околности кои довеле до несаканиот настан, Комисијата утврди дека е сторено вознемирување врз основа на раса, боја на кожата, потекло и национална и етничка припадност, во областа на работата и работните односи кон ///// од страна на /////, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја дава следната:**


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

## П Р Е П О Р А К А

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ///// во иднина да се воздржи од постапување кон други лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.**

**Доколку не се постапи согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

**Скопје, 17.06.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател на Комисијата**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- /////;
- /////;
- /////;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk